РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Радиодифузерите што емитуваат платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Предвремените локални избори 2020

Бр. 03-4463/1

Скопје 09.12.2020г.

За: Управителите/директорите и одговорните уредници

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Извештаи за реализирани услуги, нивна потврда и исплата на трошоците за емитувањето платено политичко рекламирање**

Почитувани,

Со овој допис би сакале да Ве потсетиме на обврските и роковите од Изборниот законик поврзани со исплатата на трошоците за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Предвремените локални избори 2020 година.

Имено, согласно член 76-д став 8 од Изборниот законик, во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк (или **најдоцна до 14 декември 2020 година**), по електронска пошта на - izbori@avmu.mk, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, треба **да доставите Извештај за реализирани услуги**.

**Образецот на Извештај** Ви го испраќаме во прилог на овој допис, а **ќе биде објавен и на нашиот веб сајт www.avmu.mk** во делот ИЗБОРИ 2020.

**Агенцијата е должна да ги потврди извештаите** за реализирани услуги на радиодифузерите во рок од 5 дена од денот на нивното доставување (или **најдоцна до 19 декември 2020 година**).

Начинот на потврда на извештаите е уреден во Упатството на Агенцијата за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година).

Во рок од 5 дена од денот на потврдување на извештаите од страна на Агенцијата (или **најдоцна до 24 декември 2020 година**), **потврдениот извештај треба да го доставите до учесниците во изборната кампања** со кои имате склучено договори за емитување платено политичко рекламирање.

Во истиот рок, **најдоцна до 24 декември 2020 година, до Државната изборна комисија (ДИК) треба да ја доставите целосната документација за исплата на трошоците** за емитуваното платено политичко рекламирање.

Согласно член 76-д став 3 од Изборниот законик, **ДИК ги исплаќа трошоците** за објавеното платено политичко рекламирање **врз основа на доставена фактура** од Ваша страна, **во чиј прилог доставувате и договори, медиа планови и**

**извештај за реализирани услуги** потврден од Агенцијата, во рок од 30 дена од настапување на предизборниот молк (или **почнувајќи од 9 јануари 2021 година**).

**Доколку се одржува втор изборен круг, сите рокови се поместуваат**, за што дополнително ќе Ве известиме.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

---------------------------------------------------

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Прилог:

- Образец на Извештај за реализирани услуги

## ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ
во периодот од 21 ноември до 10 декември 2020 година, на

______________________________________________________________

(Целосен назив на радиодифузерот)

| ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА И ОПШТИНА ШТИП<br><br>(ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2020) | | Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип (Предвремени локални избори 2020) |
|---|---|---|
| Нарачател: | **21 ноември – 10 декември**<br>Вкупното времетраење на рекламирањето треба да се прикаже прецизно во форматот – часови/минути/секунди (--:--:--) | |
| ИНТЕГРА – МАКЕДОНСКА КОНЗЕРВАТИВНА ПАРТИЈА | | |
| СДСМ | | |
| ДУИ | | |
| Коалиција ИДНИНАТА ВО НАШИ РАЦЕ, ДЕМОКРАТИ и МАКЕДОНСКА ОБЕДИНИТЕЛНА РЕФОРМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА – РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА СКОПЈЕ | | |
| ГРУПА ИЗБИРАЧИ – ТРАЈЧО МИТЕВ | | |
| ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ – ДНЕТ | | |

## ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ - ТМРО | |
| Вкупно емитувано ППР | |

Под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека податоците во овој извештај за емитуваното платено политичко рекламирање се точни и веродостојни и ја прикажуваат реалната состојба за периодот од 21 ноември до 10 декември 2020 година.

Одговорно лице за маркетинг

-----------------------------------------------

(Име и презиме)

Одговорен уредник на програмскиот сервис

-----------------------------------------------

(Име и презиме)

М.П

Управител

-----------------------------------------------

(Име и презиме)